РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-4325/1
18-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжение на 43-тата седница, одржана на ден 14.12.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2595/1 од 03.05.2019 година, доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија констатира дека наводите за постоење на состојба на судир на интереси против службеното лице ----------, јавен обвинител на -------------, согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не се потврдени.

Предметот со број 09-2595/1 од 03.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2595/1 од 03.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата. Во пријавата изнесени се наводи дека со Одлука А.бр.----------од --------- година, донесена од Јавното обвинителство на РСМ, во -------------- јавно обвинителство Скопје е вработена ------------, ќерка на ------------, јавен обвинител во ---------- јавно обвинителство, Скопје, на работно место – јавно обвинителски соработник, на определено време до 31.12.2019 година.

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатираше дека спорното дејствието е завршено, односно се работи за дејствие кое траело времено до 31.12.2019 година, и од тој аспект без предметно е постапувањето на Државната комисија за спречување на корупција бидејќи не може да се изрече соодветна мерка.

Во однос на останатите наводи од пријавата, Државната комисија утврди дека не постојат елементи за потврдување на состојба на судир на интереси бидејќи не утврди состојба во која посоченото лице учествувала во изборот на јавно обвинителски соработник во Основното јавно обвинителство кое е посебен правен субјект од ---------- јавно обвинителство,

така што согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не се утврдени наводи кои упатуваат на непристрасно вршење на јавни овластувања и должности на ---------, јавен обвинител во ---------- јавно обвинителство, -----------, за остварување на приватен интерес.

Исто така, во конкретниот случај нема повреда на член 43 став 3 од Законот за јавно обвинителство, според кој за јавен обвинител не може да биде избрано лице кое со јавен обвинител од тоа обвинителство е во сродство во права линија или во странична линија до четврти степен или е негов брачен другар, бидејќи во конкретниот случај се работи за вработување на определено време на **јавно обвинителски соработник** во Основно јавно обвинителство, односно за лицето ------------- која е ќерката на лицето -------------, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: К.Н – член на ДКСК